РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2743/4
03-08-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 72та седница, одржана на ден 29.07.2022 година,, ја донесе следнава:

**Одлука**

Постапката по предметот бр. 09-2743/1 од 24.03.2022 година, оформен по доставена пријава од непознат подносител против лицето --------, раководител на сектор --------------, **СЕ ЗАПИРА.**

По утврдена фактичка состојба, ДКСК констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат, односно лицето --------, Раководител на сектор ----------- нема учествувано во постапка за вработување на свое блиско лице во ---------- на РСМ.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 24.03.2022 година, доставена е пријава против лицето ---------, раководител на сектор ----------------РСМ и оформен е предмет број 09-2743/1 од 24.03.2022 година.

Наводите во пријавата се дека раководителот ------------, ----------- ја вработила својата снаа ----------, на работно место советник, во истиот сектор кај што е раководител.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија се обрати до ----------- на РСМ.

Од страна на ----------- на РСМ е доставен одговор дека лицето ------------ е вработена на работна позиција советник за подготовка на програма во Одделението за -------------. Понатаму доставена е и информација дека лицето -----------, раководител на сектор ---------------нема учествувано во ниту еден дел од постапката за горенаведеното лице.

При вака утврдена фактичка состојба по конкретниот предмет, ДКСК утврди дека нема елементи за постапување по член 77 од ЗСКСИ, бидејќи лицето ---------, раководител на сектор -------------- нема учествувано во постапка за вработување на свое блиско лице во ---------на РСМ.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М - Советник
Контролирал: К.З. – Раководител
Одобрил: СПД – член на ДКСК